Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија врз основа на член 22 став 1 точка 16 и 43 од Законот за енергетика енергетика ("Службен весник на Република Македонија" бр. 16/11, 136/11, 79/13, 164/13, 41/14, 151/14, 33/15, 192/15, 215/15, 6/16, 53/16 и 189/16) и член 45 од Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности ("Службен весник на Република Македонија" бр.143/11, 78/13, 33/15 и 207/16), постапувајќи по Барањето УП1 бр.07-22/13 од 25.09.2017 година на Друштвото за трговија на електрична енергија ГРИН ЕНЕРЏИ ТРЕИДИНГ ДООЕЛ Скопје, за менување на лиценца за вршење на енергетска дејност трговија со електрична енергија, на седницата одржана на 27.12.2017 година, донесе

# О Д Л У К А
## ЗА МЕНУВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКАТА ДЕЈНОСТ ТРГОВИЈА СО ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

1. Во Лиценцата за вршење на енергетската дејност трговија со електрична енергија на Друштвото за трговија на електрична енергија ГРИН ЕНЕРЏИ ТРЕИДИНГ ДООЕЛ Скопје, издадена со Одлука УП1 бр.07-22/13 од 03.04.2013 година, изменета со Одлука УП1 бр.07-22/13 од 16.02.2017 година (Службен весник на Република Македонија бр. 51/13 и 22/17), во точка 1 зборовите "Бул. Партизански Одреди бр. 15/4, кат 3, Скопје" се менуваат со зборовите "ул. 8-ма Ударна Бригада бр.43/3 Скопје". Во Прилог 1:

   - во точка 1 зборовите "Бул. Партизански Одреди бр. 15/4, кат 3, Скопје" се менуваат со зборовите "ул. 8-ма Ударна Бригада бр.43/3 Скопје";
   - во точка 5 евидентниот број се менува и гласи:
     „ ЕЕ - 115.10.1/13, 2/17,2/17";

2. Жалбата изјавена против оваа Одлука не го одлага нејзиното извршување.

3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

## О б р а з л о ж е н и е

Друштвото за трговија на електрична енергија ГРИН ЕНЕРЏИ ТРЕИДИНГ ДООЕЛ Скопје, со адреса на ул. 8-ма Ударна Бригада бр.43/3 Скопје, согласно член 45 став 1 од Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности (Службен весник на Република Македонија бр.143/11, 78/13, 33/15 и 207/16) (во понатамошниот текст: Правилник), на ден 25.09.2017 година достави Барање за отпочнување на постапка за менување на лиценца за трговија со електрична енергија заради промена на сопственичката структура, промена на адреса и промена на управувачката структура.

Регулаторната комисија за енергетика постапи согласно член 45 став 2 и 3 од Правилникот и изготви Заклучок за менување на лиценцата УП1 бр. 07-22/13 од 05.10.2017 година во кој беше наведена потребната документација за постапката за менување на лиценцата како и за рокот за доставување на истата.

Друштвото за трговија на електрична енергија ГРИН ЕНЕРЏИ ТРЕИДИНГ ДООЕЛ Скопје достави барање за продолжување на рокот за достава на потребната документација во постапката за менување на лиценцата УП1 бр. 07-22/13 од 29.10.2017 година, а Регулаторната комисија за енергетика согласно барањето изготви Заклучок за продолжување на рокот за преземање на дејствија за постапка за менување на лиценцата.

Барателот достави документација за менување на лиценца со допис УП1 бр. 07-22/13 од 10.11.2016 година. Документацијата беше доставена согласно Заклучокот.

Имено, Друштвото за трговија на електрична енергија ГРИН ЕНЕРЏИ ТРЕИДИНГ ДООЕЛ Скопје има направено промена во сопственичката структура, претходниот сопственик фирмата Грчка Еколошка и енергетска мрежа Кипар Холдинг Лимитед повеќе не се јавува како сопственик, а како сопственик се јавува г-нот Вирон Василеиадис, видно од тековната состојба од Централниот регистер на Република Македонија. Исто така извршена е промена на седиштето на фирмата од Бул. Партизански Одреди бр.15/4-кат 3 Скопје во ул. 8-ма Ударна Бригада бр.43/3 Скопје. Воедно направена е и измена во управувачката структура на фирмата а за управители се назначени Димитриос Бакоулис, Вирон Василеиадис и Христос Василеиадис.

Врз основа на член 22 став 1, алинеја 16, од Законот за енергетика и член 28 став 1 од Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности, Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, на ден 27.12.2017 година, одржа главна седница и донесе Одлука за менување на лиценцата за вршење на енергетската дејност трговија со електрична енергија, на Друштвото за трговија на електрична енергија ГРИН ЕНЕРЏИ ТРЕИДИНГ ДООЕЛ Скопје.

Имајќи го предвид горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа Одлука може да се поднесе жалба до Комисијата за решавање на жалби од областа на енергетиката, во рок од 15 дена од денот на приемот.

**УП1 Бр. 07-22/13**
**27.12.2017 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**Димитар Петров**

Изработил:/ Одобрил Елизабета Арсова
Контролирал: Марија Костадиновска